***З А П И С Н И К***

***од 54-ра седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 26.08.2021 година***

Седницата се одржа во просториите на Дом на култура „Илинден“ Демир Хисар со почеток во 11 часот.
 На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Благоја Станојоски, Николче Димитријовски, Валентина Ѓорѓиовска, Татјана Кочовска, Мишко Поповски, Христина Бојаџиева Андреска, Александра Ѓорѓиовска Трајчевска, Добри Најдовски, Драге Пупунчевски, Марија Кочовска и Весна Ориѓанска. Согласно препораките за поседување на сертификат/ потврда за имунизација дел од советниците во работата на Советот учествуваа со употреба на комуникациски средства. Со употреба на комуникациски средства Онлајн преку ZOOM учествуваа Марија Кочовска, Весна Ориѓанска, Добри Најдовски и Валентина Ѓорѓиовска. Што значи во работата на Советот на општина Демир Хисар учествуваа 11 советници.

На седницата присутни беа директорорката на ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар Наташа Коруновска, претставник од ООУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Ирена Николовска Ристановска, директорката на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево Анабела Митревска, директорот на ЈКП „Комуналец“ Ацко Трајковски. Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записник од 53-ра седница на Совет на општина Демир Хисар
Записникот од 53 тата седница беше усвоен со 10 „за“ без забелешки.
-Усвојување на записник од итна седница на Совет оддржана на 05.08.2021 година
Записникот беше усвоен со 8 „за„ без забелешки.

На седницата се расправаше по следниот

Дневен ред

1. Донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на ПЕЛАГОНИСКИОТ плански регион број 08-1957/4 од 07.02.2008.
2. Донесување на Одлука за основање на Центар за развој на Пелагонискиот плански регион (Пречистен текст)
3. Донесување на Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуанлец“ Демир Хисар за 2022 година.
4. Усвојување на Годишна програма за работа на ООУ„Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2021/2022 година.
5. Разгледување на барање од родители на учениците од Стругово.
6. Давање Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2021/2022 година.
7. Усвојување на Годишна програма за работа на ООУ„Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 година.
8. Усвојување на Годишна програма за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 година.
9. Предлози и прашања

Советничката Марија Кочовска процедурално побара збор. Забелешка упати во делот на препораките кои се применуваат при закажување на сеницата на Совет, и смета дека овие препораки не се однесуваат за седници на Совет. Требало да се направат консултации со

Министерството за локална самоуправа, бидејќи советниците се назначени и работата на советниците не е опфатена со мерките. Ако домот на културата има правилник да не дозволува влез без сертификат, седницата можела да се одржи во просториите на општината каде не се бара сертификати за влез. Седницата на Совет е место каде треба советниците задолжително да присуствуваат, и затоа смета дека овие препораки не треба да важат за советниците. Претседателот на Советот Благоја Станојоски ги прочита препораките согласно кои се бара поседување на сертификати и дополни тука стои дека мерките се однесуваат при организирање на состаници, никаде не пишува дека овие мерки не важат за седници на Совет. Советничката Марија Кочовска додаде ние сме назначени за советници и мора да учествуваме во работата, на конференција не мора да се присуствува. Четири години сме советници не успеавме просторија да обезбедиме, ако имавме наша просторија, немаше потреба од вакви процедури за присуство. Претседателот на Советот Благоја Станојоски објасни се одлучивме на ваков начин да ја оддржиме седницата сите да бидиме оправдани, не е тенденциозно не е направено против никого. Советничката Валентина Ѓорѓиовска се согласи со ставот на советничката Марија Кочовска, се обидовме да сугерираме дека не е во ред  овие мерки да се применуваат за седници на Совет, овие мерки се однесуваат  за влез во угостителски објекти, во сали за конференции. Можевме седницата да ја одржиме во општината и да избегниме сите овие процедури или да се побараше друга просторија. Во консултација со ЗЕЛС тие беа изненадени за ваквите мерки. Претседателот на Советот Станојоски истакна ова веќе е завршена работа, за наредна седница ќе имаме повеќе време да се информираме. Потоа предложениот Дневен ред го стави на расправа. Забелешки немаше. За усвојување на Дневниот ред гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 1. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на ПЕЛАГОНИСКИОТ плански регион број 08-1957/4 од 07.02.2008***

За Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање на Центар за развој на ПЕЛАГОНИСКИОТ плански регион број 08-1957/4 од 07.02.2008  Претседателот на Советот Станојосвки објасни нема присутен претставник одлуките се носат поради усогласување со измени во законот. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 2. Одлука за основање на Центар за развој на  Пелагонискиот плански регион (Пречистен текст)***

За Одлуката за основање на Центар за развој на  Пелагонискиот плански регион (Пречистен текст) Претседателот на Советот Станојосвки објасни ова е пречистен текст на одлуката. Дискусија немаше. За донесување на Одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 3. Одлука за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуанлец“ Демир Хисар за 2022 година***

За Одлуката за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за 2022 година објаснување имаше директорот Ацко Трајковски. Планот се доставува по втор пат, предходниот пат беа планирани вработувања на местата кои ќе се испразнат по основ на пензионирање, не го донесе Советот, сега е доставен годишен план за вработување без планирани нови вработувања. Советникот Мишко Поповски праша што е разликата дали ќе има планирани три вработувања или сега нема планирано вработување па ќе гласаат советниците. Важно е планот да е донесен, па после ќе се менува или дополнува. Советничката Христина Бојаџиева Андреска додаде не ни менува дали ќе има планирани вработувања или не кога истиот ќе претрпи измени. Директорот Ацко Трајковски согласно законот ние како институција мора да изготвиме годишен план за вработување истиот да го доставиме до Совет и потоа до Министерство за информатичко општество. Важно е да има донесено план, ако има потреба да се вработува измени и дополнување ќе прави наредниот Совет. За да može да функционира претпријатието мора да има план. Дискусија повеќе немаше. За донесување на планот гласаа 5 „за“ 6 „воздржани“ против немаше. Планот не се донесе.

***ТОЧКА 4. Годишна програма за работа на ООУ„Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2021/2022 година***

За Годишната програма за работа на ООУ„Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2021/2022 година објаснување имаше директорката Наташа Коруновска. Советникот Мишко Поповски упати пофалба за работата на ова основно училиште изминативе години, ова треба да е пример за сите институции како треба да се работи. Советничката Валентина Ѓорѓиовска праша за наставниот кадар кој предходната година ги држел часовите во Суводол и Кутретино по природни науки. Директорката Наташа Коруновска објасни во Света има петто одделение има потреба од наставен кадар за овие предмети, а во Суводол и Кутретино има доволно часови затоа е направена таква распределба. Дискусија повеќе немаше. За усвојување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Разгледување на барање од родители на учениците од Стругово***

Во врска со барањето советничката Валентина Ѓорѓиовска праша со одлуката што ја донесе Советот таму имаше планирано паралелка ова сега ќе ја смени целата организација, а советничката Марија Кочовска додаде дали има остварено средстба со родителите**.** Директорката Наташа Коруновска објасни имаше поднесено барање од родители за отворање на паралелка во Стругово, по барањето се постапи, Советот го прифати барањето и се формираа паралелките со три ученици. Сега дел од истите родители бараат да се затвори паралелката во Стругово. Ова сега ја менува целата организација на формирање на паралелки. Овие ученици кои по барање на родителите треба да учат во Стругово нема да можат да се запишат во Демир Хисар. Само еден од родителите се обрати во училиштето и истото му било објаснето. Исто така остварена е консултација со просветниот инспектор, отворањето на паралелката е на барање на родителите и тие деца неможат да добијат согласност да се запишат во Демир Хисар. Советничката Марија Кочовска праша што надлежност овде има Советот. Директорката Коруновска објасни барањето е доставено до Совет, Советот донесува одлука за формирање на паралелките. Советничката Христина Бојаџиева Андреска додаде многу рано донесовме одлука за отворање на паралелката, тогаш беше важно да се запази рокот, можеби беше избрзано од страна на родителите, но како советник сум на страната на родителите, потоа праша дали имаат право да се жалат. Директорката Наташа Коруновска објани тие можат да се жалат, паралелката се отвори на нивно барање, Советот донесе одлука и неможам поинаку да постапувам. Во ваква ситуација децата мора да учат во Стругово, до донесување на нова одлука. Советникот Мишко Поповски додаде ние постапивме по барањето, ако одлуката не е законска да ја повлечиме, преку институциите нека се реши. Претседателот на Советот Станојоски објасни Советот донесе одлука училиштето се организира по таа одлука, родителите меѓу себе не се усогласени. Советничката Христина Бојаџиева Андреска додаде ние му излеговме во пресрет по нивно барање, нека се договорат меѓу себе, тие во барањето пишуваат некој погрешно ги информирал. Според советникот Драге Пупунчевски родителите нека си свикаат состанок, нека решат. Додека советничката Марија Кочовска дополни Советот ја носи одлуката, и само Советот можи да ја смени одлуката. Советникот Мишко Поповски предложи одлуката да остани како што е училиштето е отворено сами да решат каде ќе ги запишат децата. Ако Советот изгласа не значи дека се затвара паралелката, објасни советничката Валентина Ѓорѓиовска училиштето можи да постапува согласно законските одредби, можи да го користи законот за реонизација, ако не се задоволни има просветен инспектор нека се обратат. Нека ги запишат децата каде сакаат, ако директорката не му дозволува, тогаш има институции нека се обратат. Предходната година ние не ја затворивме паралелката, немаше деца се направи прераспределба на кадарот исто и сега ако нема деца тогаш ќе се расправа. Со донесената одлука ние не ги ограничуваме децата каде да се запишат, оставаме простор сами да одлучат каде ќе учат. Дека треба да му излеземе во пресрет на родителите, стојам на ставот додаде советничката Марија Кочовска треба да се размисли. Претседателот на Советот Благоја Станојоски заклучи од искажаните дискусии на советниците одлуката која предходно беше донесена останува да важи родителите сами нека одлучат каде ќе ги запишат децата, ако имаат проблеми нека го решат тоа преку надлежни институции. Директорката Наташа Коруновска дополни ако остани веќе донесената одлука децата ќе учат во Стругово, ако има паралелка во Стругово неможам да му дозволам да се запишат во Демир Хисар со самото тоа што поднесоа барање за отворање на паралелката тоа се нивни изјави. Место за договор нема, ќе ја почитувам одлуката од Советот.

Советникот Мишко Поповски додаде во Одлуката е јасно ние само го активиравме училиштето во Стругово, не кажавме колку деца треба да учат таму. Директорката Коруновска објасни паралелката беше отворена врз основа на барањето, односно потписите на родителите тие за мене се изјави и немам право да ги запишам во Демир Хисар, родителите знаеле каде се потпишуваат и за што се потпишуваат, таму има распределено наставен кадар. Ако се донеси нова одлука треба да правам нов распоред на наставниот кадар. Советничката Валентина Ѓорѓиовска истакна ако така мисли директорката тогаш нека не им дава согласност да се запишат во Демир Хисар, нека се повика на законските прописи, исто родителите можат да се обратат до просветниот инспекторат на таков начин ќе се реши проблемот. Директорката можи да си постапи по донесените акти, ако се пожалат ако се реши во нивна корист и остани празна паралелка тогаш ќе се донеси нова одлука. Советникот Мише Поповски дополни наше беше дадовме можност отворивме паралелка, таа останува активна од тука натаму нивна е одлуката. Претседателот на Советот Станојоски констатира останува одлуката паралелката во Стругово да биди отворена, во зависност како ќе се одвиваат работите ако треба Советот ќе донеси друга одлука, со тоа и наредната точка 6. Давање Согласност за формирање на чисти паралелки со помал број на ученици и комбинирани паралелки во ООУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2021/2022 година е беспредметна нема да се расправа по неа.

***ТОЧКА 7. Годишна програма за работа на ООУ„Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 година***

За Годишната програма за работа на ООУ„Браќа Миладиновци“ с.Жван општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 година објаснување имаше претставникот Ирена Николовска Ристановска. Дискусија немаше. За усвојување на програмата гласаа 10 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 8. Годишна програма за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 година***

За Годишната програма за работа на ООУ „Даме Груев“ с.Смилево општина Демир Хисар за учебната 2021/2022 година објаснување имаше директорката Анабела Митревска. Дискусија немаше. За усвојување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 9. Предлози и прашања***

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот ја затвори седницата.

**Бр.17- 965/2** — **Совет на Општина Демир Хисар**
**23.09.2021 година** — **Претседател,**
**Демир Хисар** — **Благоја Станојоски с.р.**